39:316.346.32-053.9(497.7)

**Илина Јакимовска (Македонија)**
**Институт за етнологија и антропологија,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**е-маил: jakimovskailina@gmail.com**

**Ана Ашталковска Гајтаноска (Македонија)**
**Институт за етнологија и антропологија,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**е-маил: ashtalkovska@gmail.com**

# СТАРОСТ-ГРДОСТ: ЕТНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ ЗА БЕЗДЕТНИТЕ СТАРЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Во текстот фокусот е ставен на животните приказни на бездетни стари лица низ Македонија. Теренските материјали вклучуваат интервјуа со бездетни брачни партнери во различни села низ Македонија спроведени во последните 15 години. Преку нивните приказни се истражуваат промените во традициските вредности и норми поврзани со старите родители или сродници. Посебно внимание е посветено на парадоксалната (и понекогаш иронична) позиција на овие луѓе кои поради генералната тенденција на напуштање на старите родители од страна на нивните деца завршуваат подеднакво осамени и ранливи како и родителите во многудетните семејства.

Иако големото семејство не е веќе гаранција за достоинствена старост, токму овие тн. „традициски вредности“ беа промовирани од Владата на Република Македонија во периодот 2006-2017, преку јавни кампањи кои ги претставуваат големите семејства како вредност која треба да се одржи и негува. Текстот ја истражува оваа ситуација меѓу реалната состојба на старите и конструираната идеализирана претстава за безбедна и среќна старост која ги комбинира економските, политичките како и емоционалните аспекти.

**Клучни зборови:** бездетство, старци, деца, семејство, економија, имот, кампањи.

„Деца, да. Само прво треба да испланираме. Имаме време, млади сме“ - вака почнува една од рекламите од 2014 година, во рамки на кампањата за трето дете на тогашната Влада на Република Македонија, предводена од ВМРО ДПМНЕ. Низ две паралелни нарации се следи животот на два брачни пара - едниот „интелектуален“, кој ја става својата кариера пред желбата за потомство, постојано одложувајќи ја оваа „обврска“, и вториот, чиј глас во рекламата воопшто не се слуша, кој без многу калкулирање рано добива деца. Додека мажот и жената од првата приказна полека стареат, осамени во нивниот луксузен но мрачен стан, во другиот, во скромно живеалиште натопено во пастелни бои, децата растат, имаат свои деца, а куќата е полна и радосна. „Создади иднина“, гласи финалната порака испишана на екранот (види на: https://www.youtube.com/watch?v=s7XEMD8f6Ok).

Ова е само една од десетината реклами во рамки на кампањата за „важноста на семејството, даночни олеснувања за раѓање на трето дете и подигање на патриотизмот“, која Владата на РМ ја започна во 2008 година[1]. Масовно промовира-

1 Кампања на Владата на Република Македонија предводена од партијата ВМРО ДПМНЕ (во периодот од 2006 до 2017 година) за промовирање на основните семејни вредности „Семејството и децата се нашето најголемо богатство“, содржи 10 реклами. Кампања на Владата

на преку државниот радио-дифузен сервис, особено во паузи на преноси на спортски натпревари со висока гледаност таа, меѓу другото, ја претставува староста како обесмислен период од животот доколку се нема потомство. Притоа, биолошката репродукција се третира како личен избор кој треба и мора да биде направен, без притоа да ги земе предвид оние кои таков избор немаат, брачните парови кои од различни медицински и други причини едноставно не можат да имаат деца. И првите и вторите според кампањата не само што се осудени на интимно страдање, туку - и многу поважно - тие придонесуваат и за поткопување на темелите на колективот, доведувајќи го во прашање неговиот опстанок. Истовремено, многудетните семејства се прогласуваат за „традиционална вредност", резултат на некаков смислен историски континуитет, која е гарант за одржување на заедницата, но и за безбедна и среќна старост.

Низ теренски интервјуа со стари лица без потомство, собирани во последниве 15 години во различни делови на Македонија, и во заедници со различна конфесионална припадност (христијанска и исламска), кои до сега не се обработувани и објавувани, ќе се обидеме да ја трасираме еволуцијата на ставовите и нормите поврзани со староста воопшто, и посебно со онаа бездетната, укажувајќи на јазот помеѓу реалната ситуација на овие луѓе, и конструираниот идеал за нивниот третман, како во рамки на семејството, така и во рамки на пошироката заедница. Главното прашање притоа е - какви се сегашноста и иднината на оние кои не успеале да „создадат иднина"?

## „Порано ред имаше"

Стандарден дискурс кога почнува да се отвара темата за современиот третман на староста со повозрасни соговорници на терен е дека порано „се имало ред", генерациската хиерархија се почитувала, а старите имале многу поголема општествена моќ отколку што ја имаат денес. Од постарите етнографски материјали и студии може да се добие впечаток дека оваа моќ била толку голема што, кај Македонците и соседните балкански народи, може да стане збор дури и за постоење на геронтократија, владеење на старите - како на ниво на семејство, така и на ниво на широка заедница (види на пример: Маринов 1995: 51, Мирчевска 2003: 146, 154, Русић 1956: 2, 3, Павловић 1928, 365, Филиповић 1939: 21).

Иако во овие материјали се среќаваме со проблемот на утврдување на возрасната стратификација, односно проблем на дефинирање на тоа на колку точно години човек се сметал за доволно 'стар' за да биде одговорен за регулирањето на општествено-економскиот живот на семејството и/или селото, терминот „старец" несомнено подразбира(л) високо место во општествената хиерархија. Според етимолошкиот речник на хрватскиот и српскиот јазик на Петар Скок, терминот „стар", освен „минат" и „дамнешен" историски означувал и „висок", „угледен", „знаменит" и „мажествен" човек (Skok 1971: одредница: стар). Оттаму, многу поважно од

на Република Македонија предводена од партијата ВМРО ДПМНЕ (во периодот од 2006 до 2017 година) за објаснување на последиците од абортусот „Избери живот. Имаш право на избор!" содржи 8 реклами.

ова кога се разгледува односот кон староста и старите е дали притоа се зборува за сè уште крепките и способните или за сосема опаднатите, престарените. Податоците за високиот статус на првите во минатото не е автоматски доказ дека ист таков статус имале вторите - се работи за лица од две различни социјални категории, кои оттаму имаат и различни статуси.

Третманот на староста во македонската етнологија го нема добиено она внимание кое несомнено го заслужува. Тоа е парадоксално, особено ако се има предвид високото уважување кое етнолозите реално го имаат за податоците добиени од терен токму од постарите соговорници, чии искази во научните трудови се цитираат и третираат како извор од прв ред, особено кога станува збор за обичаи и верувања кои се изумрени или на одумирање. Во македонската етнологија од понов датум постои само еден труд кој експлицитно се занимава со современите проблеми на старечките домаќинства (дипломска работа на Инес Црвенковска - Ристевска: „Старечки домаќинства во Поречките села: современа состојба“, одбранета на Заводот по етнологија при ПМФ во 2002). Прашањата врзани со современиот третман на староста допира и едно поглавје од докторската дисертација на Илина Јакимовска, посветено на телото во македонската народна култура („Младото наспроти старото тело: нормирање согласно возраста“) (Јакимовска 2009: 171-220). Причина за ваквата ситуација е што прашањата упатени кон овие, повозрасни соговорници во рамки на други истражувања вообичаено се однесуваат на нивните сеќавања, односно на нивната младост, а не на нивниот актуелен живот и статус, на староста, која така останува вон научниот интерес. Нивните обиди и незапрашани да зборуваат за сопствената ситуација, која е тешка не само заради проблемите кои староста донекаде ги подразбира, како што се здравствени проблеми и генералното губење на физичката моќ, туку и заради преовладувачкото чувство на маргинализираност и отсуство на општествен авторитет, или минуваат незабележани, или се толкуваат како типична старечка носталгија по младоста. „Иако започнавме да ги истражуваме социјалните табуа на умирањето, прескокнавме еден долг временски период кој ѝ претходи на смртта, познат како старост. За волја на вистината, полесно е да се излезе на крај со смртта, отколку со проблемот на живеење како стар човек. Смртта е имено драматичен момент кој се случува само еднаш, додека староста е секојдневен процес на соочување“, вели Роберт Батлер во „Трагедијата на староста во Америка“, ситуација што може од збор до збор да се преслика и во македонски контекст (Butler 1989: 219). Како и истражувачите да се плашат од староста, која неминовно потсетува и на нивната идна немоќ и конечност.

И теренските истражувања врз кои се потпира овој текст не се првично правени така за во нивниот фокус да биде староста, туку бездетноста воопшто. Сепак, интервјуата со поединци и парови од рурални области во западна Македонија на оваа тема на површина исфрли и една посебна категорија, бездетни старци. Велиме „посебна“ погледнато од аспект на идеално промовираниот модел на култура, според кој би се очекувало дека тие се соочуваат со различни (поголеми) животни проблеми во однос на оние кои им се генерациски блиски, а имаат деца. Но анализирани подетално, исказите на19-те соговорници, од кои три брачни парови без деца, од христијанска и исламска вероисповед, отсликуваат една малку поинаква приказна.

## Економијата на бездетството

Васка, родена 1924 и Цане, роден 1922 го припишуваат проблемот на немањето деца на Господ, и не си префрлаат меѓусебно за оваа ситуација. Имале добар живот обележан со грижа за родителите на Цане, посебно за неговата мајка, која наспроти доминантните претстави за свекрвите како некој кој врши дополнителен притисок по ова прашање, била сочувствителна со проблемот. И не само тоа, туку таа преземала и многу важен практичен чекор за обезбедување на староста на овој пар, препишувајќи му поголем дел од имотот на нејзиниот прв и најсакан бездетен син. Според нејзина проценка на тој начин, заради финансиски ќар, некој од внуците од неговите четворица браќа полесно би прифатил да се грижи за Цане, а додека е тој жив и за неговата жена.

Ова е само еден од често наведуваните примери во интервјуата во кои имотот се третира како адут за обезбедување на бездетната старост, се разбира доколку старите лица навистина располагаат со него и доколку тој е доволно атрактивен за идните сопственици. Потенцијалните наследници во најблискиот социјален радиус на ваквите старци се свесни за тоа дека имот ќе му биде препишан на оној кој најдобро ќе се покаже во грижата кон нив. Иако ова најчесто во семејството не е вербализирано, туку е нешто што и некажано се подразбира, доколку на соговорникот му се постави директно прашање на оваа тема, одговорот ја следи таа логика - „Кој нѐ гледат, таму ќе дајме[2]“.

Компетитивноста помеѓу сродниците за наследување на имотот на ваквите парови често содржи и други елементи освен чисто економскиот во форма на размена на услуга (догледување) за добра (имот или пари). Така, во случајот со друг бездетен пар кој сакал да посвои дете, во моментот кога била подготвена сета документација и добиена поддршка од најблиското семејство, една од јатрвите ги усрамила идните посвојувачи со коментар дека тие ќе земат во семејството нечии туѓи „копилиња“, што нив ги попишманило во намерата. Оваа реакција од страна на соговорничката се толкува како намерна и себична, бидејќи денес овие сродници сметаат дека ќе бидат наследници на имотот, и тоа не заради нивната грижа за овој брачен пар, туку по автоматизам. „Секако те имет на шило дека немаш деца. Само викает - наше ќа бидет ова, наше ќа бидет она“. Бездетството притоа се зема како клучен елемент не само при толкување на непријателствата внатре семејството, туку и за оние во пошироката околина, затоа што парот е оставен сам на себе („без синови, зетовци“) кога е во прашање неговата одбрана, како на тој начин да опаѓа неговиот емотивен имунитет. Од тој аспект дури и богатството во староста не значи ништо, и за оние кои го имаат тоа е безвредно, бидејќи нема кому да се остави. Како што вели една соговорничка: „Сега само ние двајца сме си. Во оваа зграда. Убаво е, убаво, три соби, кујна. Ама немаме луѓе. Кој ќе ја п'лнит, глувци?“[3]

Но во други примери сродниците не остануваат само на дрски коментари, туку уште во младоста на одреден пар преземаат магии за негово „врзување“. Бла-

2 Неархивиран теренски материјал: В.Ш. жена родена 1924 година, Ц.Ш. мажот ѝ, роден 1922 година, Струшки Дримкол, снимено 2000 година.

3 АЕАР ДЕМ_13, Л.М. жена родена 1931 година, Велешко, снимено 1999 година.

гуна од Велешко така е убедена дека нејзиното бездетство е резултат на магија сторена од фамилијата на мажот, а доказот таа и нејзиниот сопруг Атанас го нашле во старата куќа - два клуча споени со грбовите и заковани со шајка, на кои, додуша предоцна за да може нешто да се преземе, им било укажано од страна на гледач. Според интерпретацијата на овој пар, магиите за бездетство од страна на најблиските сродници по машка линија се должи на „лакомијата за сермија[4]", алчност за добивање поголем имот на сметка на бездетните сродници. За да ги надмудрат злите роднини, а и за да имаат некакво потомство кое би се грижело за нив во староста, Благуна и Атанас посвојуваат девојче кога тоа имало само 5 месеци. Го пораснале и го омажиле со домазет, надевајќи се дека тие ќе останат со нив во селото. Но домазетот поминал само едно лето со нив - се исплашил од тешката земјоделска работа, па тој и ќерката се иселиле во градот. Така, и покрај сите усилби, Благуна и Атанас остануваат сами.

Економската независност сепак не е само важен елемент во рацете на бездетните парови, туку и за оние кои никогаш не стапиле во брак, особено за жените. Така, Јована животот го посветила на грижа за своите родители, бидејќи тројцата браќа и сестрата живеат или во странство или во град, па нејзе како немажена и бездетна некако „логично" ѝ се паднала ваквата обврска. Нејзиниот татко продал јагниња за да ѝ доплати стаж, и таа зема минимална старосна пензија, што ѝ обезбедува достоинствена старост: „Друго е ко ќе си имаш ти од твојот џеб, друго е да чекаш". Тоа на некој начин било компензација заради грижата на совест на татко ѝ, кој бил главна причина зошто таа не стапила во брак, не дозволувајќи таа да се омажи за оној којшто го сакала или бирајќи потенцијални зетови кои нејзе не ѝ се допаѓале. И денес (интервјуто е правено 2014 година), на нејзини седумдесет години, нејзе ја бараат за жена пензионери од блиските градови, но нејзиниот аргумент против мажењето на стари години е: „Зошчо ми е? За гробови да праиме?[5]"

## „Женско да не се роди"

Но примерот на Јована е исклучок кога се работи за грижа на ќерките за нивните биолошки родители. Паровите кои имаат само женски деца во староста практично ја доживуваат истата судбина како и оние бездетните. Причина за ова е што женското дете, по мажењето „припаѓа" на друга куќа и на други „родители" (на кои и им се обраќа со мамо и тато) за коишто треба да се грижи. Ова се случува дури и ако ќерката или ќерките живеат во истото село. За оние пак кои се мажени во друго село или во град грижата за родителите е и физички отежната, а во тешко достапните села речиси невозможна. Ова особено важи за селата со население кое зборува македонски јазик, но е со исламска вероисповед. Обичајната норма во овие заедници налага старите родители да не смеат да останат сами во староста, па мажите кога одат на печалба заминуваат сами, додека нивните сопруги остануваат во селото. Така, жените се задолжени од позиција на снаи да се грижат за старите родите-

4 АЕАР ДЕМ_17, Б. жена родена 1916 година, Велешко, снимено 1999 година.

5 Неархивиран теренски материјал: Ј. жена родена 1945 година, Мариово, снимено 2014 година.

ли на сопругот, повеќе отколу што се задолжени за истото во однос на своите родители, од позиција на ќерки. Ваквите брачни парови целиот работен век практично го поминуваат разделени, мажот на печалба а жените дома со свекорот и сверквата. Се среќаваат неколку пати годишно – за големите празници или за време на одморите. Ова се смета за еден вид жртва за почитување на важното традициско правило, кое подразбира задолжителна манифестација на почит на младите кон нивните постари.

Сепак, соговорниците кои се подготвени да зборуваат и за реалните, а не само за идеалните аспекти на оваа норма, сметаат дека денес младите не мислат дека имаат ваква должност, по секоја цена да им прават „измет" на своите стари сродници, и тоа важи подеднакво и за ќерките, и за снаите, и за синовите. Најпесимистичните велат дека денес кон старците нивните сопствени деца, а и пошироката заедница, се однесува како кон „вишок", дури и како кон „ѓубре". Според нив, дури и малите деца денес имаат многу поглеми привилегии и права во однос на оние на старците – ним им се овозможуваат и луксузи, а во исто време на старите ни основна грижа. Како екстремен пример за ова се наведува еден според кој некој син си ја затворил мајката в ќерал, и толку лошо ја третирал што внуците се обиделе да ја спасат давајќи и скришно храна. На крај била пронајдена измрзната и мртва, што според соговорничката која го наведува примерот е доказ за неизбежната самотија и лошиот крај на старците во современ контекст.

Дека имањето дете или деца не е никаква гаранција за безбедна старост, особено доколку тоа е женско, покажува и примерот на Фатима, која има една ќерка. Откако ќерката се омажила Фатима останала сама, и тогаш почнале нејзините здравствени и психички проблеми, кои таа ги решава меѓу другото со тоа што страсно пуши, што е исклучително нетипично за средината во којашто живее. Жените во селата со население со македонски мајчин јазик и исламска вероисповед имено никако не смеат да пушат цигари, па затоа таа се крие од соселаните, особено од другите жени. Ситуацијата ескалирала до таму што мажот на Фатима бил приморан да се врати од печалба, за неговата жена да може да спие. Фатима од своја страна пак отсекогаш му била посветена бидејќи, како што самата вели, се чувствувала виновна што не му родила машко дете. Таа, како и други жени кои на своите сопрузи им родиле само женски деца (во еден интервјуран случај дури 8!), не се третирани исто како и неротките, но сепак имаат низок статус во пошироката семејство.

Можеби најдобра илустрација за еднаквата судбина на оние стари кои имат деца, и оние кои немаат, е оној на брачен пар од Порече и нивна десет години помлада сосетка од истото село. Тие нивното бездетство го припишуваат на магија направена од јатрвата. Еден ден по нивната свадба жената нашла крпа полна „главчина од врапчина, нозе од глувци, земја тупано од некој гробишта, не зна шчо ти не, све изврзано". Таа барала помош по манастири и гатачи, но сама, затоа што службата на нејзиниот маж („милиционер") не дозволувала тој да оди на такви места. Сегашната утеха за нивното бездетство тие ја наоѓаат во современата пракса старците да живеат сами по селата низ Македонија, без оглед дали имаат деца или не: „Еве, сите стари сами, ќе си живееме добро, не е важно ако немаме-немаме[6]". За разлика

6 АЕАР ДЕМ_60, А. жена родена 1932 година и Д. мажот ѝ, роден 1931 година, Порече, снимено 2000 година.

од нив, нивната сосетка има четири ќерки, и сите живеат во блиските градови низ Македонија. Живее сама во пространа куќа откако починал мажот и', и вели дека и претходно, а особено сега, го живее истиот живот со нејзините бездетни соседи, заради тенденцијата на младите да се иселуваат. „Еве, и тие шо имаат, пак заминале. Еве мојве заминале. Чоек не знает како ќе доживит никој[7]", вели таа во интервјуто.

Жена од село близу Струмица, која има родено 5 ќерки, денес живее сама, а мажот ѝ починал млад. Кога ја родила последната, и децата и мажот плачеле. Неа мажот не ја малтретирал заради својата разочараност што не му раѓа син, но често била во позиција да санира физички повреди на нејзина роднина - неротка, со ставање кромид на местата со модрици од ударите кои таа ги примала од својот маж, кој ја обвинувал за бездетството. Овој пар одлучил да посвои син, но овој, откако разбрал дека тие не му се биолошки родители, престанал да им се обраќа со мамо и тато, туку со „старата" и „стариот", почнал да пие и да не се грижи за нив, а ни за сопствените жена и деца.

Последниов пример, како и претходните изјави на соговорниците, покажува дека немањето деца, односно имањето такви кои не чувствуваат должност да се грижат за своите родители, практично се сведува на исто. Дека ова не е ни нов феномен покажуваат и македонските поговорки кои на идеалот на репродукција на секој поединец („Секоја трафка остава повлака" или „Секој што имат челад се слага богат") му ја спротивставуваат реалноста на тоа да се има непослушно потомство, од кое не може да се очекува поддршка. Една од најживописните, која има форма на кратка приказна, вели: „Поарно да родеше некоја жена камен ошто родила лош син, чунки камено ќе го кладеја на некоја бразда во калта да врват луѓе и ќе велеа: Бог да прости кој го кладе и го даде, а за лошата челад сите ќе колнат". Со слична порака се и „Челад човека подига, челад га затира", и „На лошо чедо имање не му требе".

## Заклучок

Наспроти идеалот за многудетно семејство на традициската култура, политички (зло)употребуван за пласирање на конзервативната семејна политика на претходната политичка гарнитура, приказните на соговорниците од селските средини во Македонија во периодот 1999-2014 година покажуваат дека имањето потомство не е гаранција за безбедна и среќна старост. Подеднакво важен, ако не и поважен елемент за остварување на овој идеал е располагањето со вреден имот, кој би можел на старост да се употреби како елемент на трансакција при добивањето услуги од сопствените деца или од сродници, доколку тој е атрактивен за нив. Имањето само женски деца, пак, се третира речиси исто како и бездетството, заради обврската на снаите да се грижат за родителите од семејството на мажот, а не за сопствените родители, особено доколку овие не живеат во непосредна близина. Генерално, принципот на почитување на старите, кој во постарите етнографски материјали и исказите на соговорниците кога зборуваат за минатото има статус на норма, веќе не важи. Еден од соговорниците го деконструира и овој мит, велејќи дека и порано не се работело за некаква безусловна пожртвуваност, туку за фактот што еко-

7 АЕАР ДЕМ_60, Е. жена родена 1941 година, Порече, снимено 2000 година.

номската моќ лежела кај старите, кои до својата смрт располагале со земјиштето и средствата за работа, па „почитта" на младите всушност била резултат на нивната зависност. Индустријализацијата и миграцијата село-град го имаат променето ова, па „денес младите си земаат плата и веќе не им треба ништо од старите. Затоа стариот чоек не е заштитен сега[8]".

Ова истражување се фокусираше на статусот на старите бездетни поединци и парови кои живеат во различни села низ Македонија. Истражување на истата тема спроведено во градските средини би можело да биде добра основа за споредба на статусот на бездетните старци врз основа на местото на живеење и достапноста до добра и услуги. Еден од соговорниците во нашето истражување беше особено револтиран поради нееднаквиот третман на пензионерите во Македонија, сметајќи дека оние од Скопје се најпривилегирани, бидејќи од 2012 година тие имаат на располагање 200 градски автобуси и бесплатен превоз 12 дена месечно (вторници, петоци и саботи), додека во неговиот изолиран крај до кој не е изграден ни асален пат „ние не можеме ни во месецот еднаш со пари да појдеме до најблискиот град[9]". Ваквиот „широкоград" однос на власта кон пензионерите, кои во меѓувреме, од 2014 година кога е правено интервјуто, освен денови кога бесплатно можат да користат автобус добија и бесплатен железнички превоз низ Македонија, се толкува како популистички потез, преку кој во трансакцијата за привилегии таа би го добила нивниот глас.

„Прабаба ми имаше седум деца кои ги протурка низ две војни. Баба ми пет деца, ги изгледа низ најголемата светска војна. Уста повеќе значеше глад за сите. Ние бевме четири браќа и сестри. Немавме многу, но ништо не ни недостигаше. Денешниве млади - немаме пари, чекај стан, имаме време. Ние што сме при крај на патот немаме веќе многу време. Сакаме да се порадуваме на многу внуци, да знаеме дека некој останува позади нас. А на младите да им кажам дека еден ден кога ќе остарат никој нема да ги радува повеќе од нивните деца и внуци. Семејството е најважно, а семејството и децата се нашето најголемо богатство", вели повозрасен маж во уште една од рекламите во спомнатата кампања, седнат среде дневна соба полна старовремски стилски мебел и пијано, додека врти албум со семејни фотографии (види на: https://www.youtube.com/watch?v=jARYXyhtIqs).

Нашите соговорници не можат да се идентификуваат со овој лик и со неговата приказна. Тие самите, и старците од нивната непосредна околина, се главно оставени самите на себе, без оглед дали се бездетни или имаат и по неколку свои или посвоени деца, во скромни домови, без стилски мебел и пијано. На прашањето за нивната иднина и за тоа кој ќе се грижи кога тие ќе снеможат, една соговорничка вели: „Еми, кој ќе се грижи, овој згора. Господ.[10]"

---

8 Неархивиран теренски материјал: Ц. маж роден 1929 година, Мариово, снимено 2014 година.

9 Неархивиран теренски материјал: Ц. маж роден 1929 година, Мариово, снимено 2014 година.

10 Неархивиран теренски материјал: Ј. жена родена 1945 година, Мариово, снимено 2014 година.

„Преку начинот на кој некое општество се однесува кон своите стари, тоа без дволичност ја открива вистината – често пати грижливо прикривана – за своите начела и цели. Кај примитивците практичните решенија за оние проблеми кои ги создаваат старците се различни: ги убиваат, ги оставаат да умрат, им даваат само толку колку да вегетираат (...) Ќе видиме дека таканаречените цивилизирани народи постапуваат кон нив на потполно ист начин: само убивањето е забрането, ако не е прикриено“ (De Bovoar 1987 I: 103), вели Симон де Бовоар во цитираното дело, уште еднаш непогрешливо рефлектирајќи ја и современата македонска ситуација.

## Извори:

Кампања на Владата на Република Македонија предводена од партијата ВМРО ДПМНЕ (во периодот од 2006 до 2017 година) за промовирање на основните семејни вредности „Семејството и децата се нашето најголемо богатство“, достапна на https://www.youtube.com/watch?v=s7XEMD8f6Ok и на: https://www.youtube.com/watch?v=jARYXyhtIqs последен пат посетено на 17.02.2018.

## Користена литература:

Butler, Robert. 1989. “The Tragedy of Old Age in America” во*: Seeing Ourselves – Classic, Contemporary and Cross-Cultural Readings in Sociology*, Macionis&Benokraitis (ed.). 219-225. Prentice Hall

De Bovoar, Simon. 1987. *Starost*, tom I. Beograd: BIGZ

Skok, Petar. 1971. *Etimološki rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*. Zagreb.

Јакимовска, Илина. 2009. Телото. Етнолошко – антрополошка студија. Скопје: Слово.

Маринов, Димитър. 1995. Българско обичайно право, второ фототипно издание. София: Академично издателство „Марин Дринов“.

Мирчевска, Мирјана. 2003. „Селата во Горна Река како општествено-економски заедници“, ЕтноАнтропоЗум 3: 136-163. Скопје: ИЕА.

Павловић Јеремија. 1928. Малешево и Малешевци. Београд.

Русић, Бранислав. 1956. „Старији обичаји око одређивања земљишних међа и око пољских радова у Кичевији“, Гласник етнографског музеја у Београду, књ. XIX, том XIX. Београд.

Филиповић, Миленко. 1939. „Обичаји и веровања у Скопској котлини“, Српски етнографски зборник, књ. LIV, том I. Београд: Етнографски институт.

Црвенковска – Ристевска, Инес. 2002. „Старечки домаќинства во Поречките села: современа состојба“, одбранета на Заводот по етнологија при ПМФ Скопје.